РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 16.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2798/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јули 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – јавна опомена, донесено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово беше извршен на 30.4.2026 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – јавна опомена бр. 03-137 од 21.5.2026 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1972/1 од 30.4.2026 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово <u>не постапи по изречената мерка – јавна опомена и не ја исполни обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми</u>.

<u>**Образложение:**</u> На својата 18 седница, одржана на 20.5.2026 година, Советот на Агенцијата му изрече мерка – јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово поради прекршување на член 15 став 1 од

Законот за медиуми и му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон. Решението беше доставено до радиодифузерот на 27.5.2026 година, а законски утврдениот рок од 45 дена за доставување на документите истече на 11.7.2024 година. Заклучно со 15.7.2026 година радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација.

**7. Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, а согласно член 15 став 7 според кој доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени во овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско емитување, и согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***